РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УСТАВЕН СУД НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
У Бр. 1109/23
15 SEP 2023 год.
СКОПЈЕ

# ПЛАН
за создавање на систем технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија

Скопје, јули 2023 година

Врз основа на член 89 алинеја 1 од Деловникот на Уставниот суд на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.70/1992 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/2019, 256/2020, и 65/2021), член 28 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр. 42/20 и 294/21) а во врска со член 10 од Правилникот за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.122/20) Уставниот суд на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2023 година, донесе

# ПЛАН
## за создавање на систем технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Уставниот суд на Република Северна Македонија

## I. Цел на планот

### Член1

Со овој план се предвидува создавање на соодветен систем за технички и организациски мерки на Уставниот суд на Република Северна Македонија ( во натамошниот текст: Судот) кој во својство на контролор ги применува за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци и за оценка на нивната адекватност со видот и обемот на работните процеси што ги врши Судот.

### Член 2

Во остварување на своите надлежности Судот доаѓа во допир со лични податоци и ги обработува, заради што се донесува овој план и правилници за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработка на личните податоци.

## II. Обработка на лични податоци

### Член 3

Во Судот се обработуваат следните категории на лични податоци:

1) Заради спроведување на конкретни права и обврски врз основа на работниот однос, односно врз основа на трудовото право ( член 7 и

член 8 од Закон за евиденциите од областа на трудот) за сите вработени Судот ги собира и обработува следниве податоци:

-име и презиме на вработениот,
-име на еден од двата родители,
-датум на раѓање,
-место на раѓање,
-општина на раѓање,
-адреса на живеење или престојувалиште,
- единствен матичен број
-уверение за државјанство
-дипломи, уверение за стекнато образование, стручни квалификации и работни компетенции,
-стаж на осигуреникот,
-припадник на заедница,
-пол,
-податоци за тековното вработување, претходни вработувања( група, подгрупа,категорија, ниво и работно место),
-траење на работниот однос ( на неопределено или на определено време)

2) Заради спроведување на конкретни права и обврски врз основа на работниот однос, односно врз основа на трудовото право ( член 7 и член 8 од Закон за евиденциите од областа на трудот) за судиите Судот ги собира и обработува следниве податоци:

-име и презиме на судијата,
-име на еден од двата родители,
-датум на раѓање,
-место на раѓање,
-општина на раѓање,
-адреса на живеење или престојувалиште,
- единствен матичен број
-стаж на осигуреникот,
-припадник на заедница,
-пол,
-траење на работниот однос

3) Заради спроведување на конкретни права и обврски врз основа на работниот однос, односно врз основа на трудовото право ( член 7 и член 8 од Закон за евиденциите од областа на трудот, како и одредби од Законот за приватни агенции за вработување и одредби од Законот за облигациони односи) за привремено ангажираните лица Судот ги собира и обработува следниве податоци:

-име и презиме на вработениот,

-име на еден од двата родители,
-датум на раѓање,
-место на раѓање,
-општина на раѓање,
-адреса на живеење или престојувалиште,
- единствен матичен број
-уверение за државјанство
-дипломи, уверение за стекнато образование, стручни квалификации и работни компетенции,
-стаж на осигуреникот,
-припадник на заедница,
-пол,
-податоци за тековното вработување, претходни вработувања( група, подгрупа,категорија, ниво и работно место),
-траење на работниот однос

4) Збирка за евиденција на плати на вработените (член 21 од Закон за евиденциите од областа на трудот), со следните категории на лични податоци кои се собираат и обработуваат:

-име и презиме на вработениот,
-ЕМБГ, ден, месец и година на раѓање,
-работно место,
-број на трансакциска сметка,
-телефонски броеви,
-податоци за вработување (М1 и М2 образец),
-степен и вид на завршено образование (М1 и М2 образец),
-работно време ( полно или скратено) (М1 и М2 образец),
-траење на работниот однос ( на неопределено или определено време) (М1 и М2 образец),
-бруто и нето плата,
-надоместоци и други примања и
-платени придонеси и даноци на плата.

5) Збирка за евиденција на плати на судиите (член 21 од Закон за евиденциите од областа на трудот), со следните категории на лични податоци кои се собираат и обработуваат:

-име и презиме,
-ЕМБГ, ден, месец и година на раѓање,
-адреса на живеење,
-работно место
-број на трансакциска сметка,
-телефонски броеви,
-податоци за вработување (М1 и М2 образец),

-степен и вид на завршено образование (М1 и М2 образец),
-работно време ( полно) (М1 и М2 образец),
-траење на работниот однос ( на определено време) (М1 и М2 образец),
-бруто и нето плата,
-надоместоци и други примања и
-платени придонеси и даноци на плата.

6) Збирка за евиденција на плати на ангажирани лица (член 21 од Закон за евиденциите од областа на трудот), со следните категории на лични податоци кои се собираат и обработуваат:

-име и презиме,
-ЕМБГ, ден, месец и година на раѓање,
-работно место,
-број на трансакциска сметка,
-телефонски броеви,
-податоци за вработување (М1 и М2 образец),
-степен и вид на завршено образование (М1 и М2 образец),
-работно време ( полно или скратено) (М1 и М2 образец),
-траење на работниот однос (М1 и М2 образец),
-бруто и нето плата,
-надоместоци и други примања и
-платени придонеси и даноци на плата.

7) Евиденција на работно време согласно Законот за работни односи (член 116)

-име и презиме на вработениот,
-број на картичка,
-време на доаѓање и заминување од работа

8) Евиденција за посетители во Судот:

-име и презиме
-број на лична карта
-број на пасош ( за странски државјани)

9) Евиденција на лични податоци на странките и трети лица кои до Судот поднесуваат иницијативи и барања за заштита на слободите и правата согласно Деловникот за работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија:

-име и презиме,
-адреса на живеење или престојувалиште.

10) Збирка за евиденција на лица вклучени во постапките за јавни набавки ( согласно Законот за јавни набавки) ги собира и обработува следните податоци:

-име и презиме,
-единствен матичен број,
-е-маил адреса,
-телефонски број.

## III. Нивоа на технички и организациски мерки

### Член 4

На сите документи во Судот задолжително се применуваат технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци класифицирани во две нивоа:
-стандардно;
-високо ниво
Примената на соодветните нивоа е утврдена со Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на личните податоци.

## IV.Документација за технички и организациски мерки

### Член 5

Системот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Судот се состои од следните механизми:

-Донесување на Правилник за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,

-Донесување на Правилник за видео надзор,

-Донесување на Правилник за определување на обврските и одговорностите на администраторот на информатичкиот систем и на овластените лица при пристапувањето до документите и информатичко-комуникациската опрема,

-Донесување на Правилник за пријавување, реакција и санирање на инциденти,

-Донесување на Правилник за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и повторно враќање на зачуваните лични податоци,

-Донесување на Правилник за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.

Член 6

Актите предвидени во член 5 од овој План, се донесуваат на начин што ке овозможи меѓусебно да се надополнуваат заради остварување на највисока тајност и заштита при обработка на личните податоци во Судот.

Член 7

Вработените и ангажираните лица во Судот се должни секој во рамките на своите работни задачи да ги почитуваат и применуваат овие интерни акти.

Член 8

Офицерот за заштита на лични податоци во Судот врши редовна проценка на потребата за изготвување и донесување нови интерни акти или промена на старите од аспект на нивно усогласување со прописите за заштита на лични податоци.

V. Периодични контроли

Член 9

Офицерот за заштита на личните податоци во Судот еднаш годишно ги врши следните контроли и за тоа изготвува извештај:
-контрола на техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци,
-контрола на доверливоста и сигурноста на лозинките и на останатите форми на идентификација,
-контрола на уништување на документи кои содржат лични податоци по истекување на рокот за чување, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите,

-контрола на начинот на управување со медиуми кои се носители на лични податоци,
-контрола на примена на принципот „чисто биро”,
-контрола на примена на принципот на приватност при дизајн на информатичките системи,
-контрола на начинот на воспоставување физичка сигурност на работните простории и опремата каде што се обработуваат и чуваат личните податоци,
-контрола на начинот на пристап до информатичките системи преку персонални компјутери,
-контрола на начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци,
-контрола на евиденција за физички пристап до просторијата во која се сместени серверите,
-контрола на постапката за потпишување на изјави за тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на вработените и ангажираните лица во Судот.

VI.Преодни и завршни одредби

Член 10

Планот за создавање на систем технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на лични податоци се објавува на веб страната на Судот.

Овој План влегува во сила со денот на неговото донесување.

Су.бр. 1109/23
20 јули 2023 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Уставниот суд на
Република Северна Македонија,
Добрила Кацарска